***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ***

## 1. <u>ПРИХОДИ</u>

Во периодот од **01.08.2024** година до **31.08.2024** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **7.993.345 денари** и тоа по следните основи:

| **ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ** |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | 146.493 денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | 336.670 денари |
| 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | 12.530 денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица и камати за доцнење во плаќање на даноци од имот | 214.454 денари |
| Уплати по основ на данок на наследство и подарок | 9.677 денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права | 212.665 денари |
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | 38.976 денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | 42.000 денари |

| | |
|---|---|
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | 75.228 денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | 1.320.604 денари |
| Такси за користење на просторот пред деловни простории и за користење на плоштад и др. | 236.330 денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | 641.063 денари |
| Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи од општината. | 32.685 денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | 398.779 денари |
| Уплати по основ на други неданочни приходи и приходи од органи на управа – надомест за користење на сала за венчавки, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината ,2 % од наплата на премии за каско и одговорност | 268.269 денари |
| Приходи од продажба на земјиште и од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 32.565 денари |
| Приходи по основ на легализација на бесправно изградени објекти | 16.106 денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од 3.560.251 ден. по основ на 5,5% данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел - 4,5%, дел за перформанси - 0,75% и дел за воедначување – 0,75% и трансвери од 398.000 ден. средства од Министерството за култура и туризам за Етно плоштад фестивалот | 3.958.251 денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.08.2024** година до **31.08.2024** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **6.651.332 денари** и тоа за следните намени:

| ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица, вработените во ТППЕ и за платен персонален данок по решенија и надоместоци | 2.597.066 денари |
| Исплатен дел за надомест за годишен одмор на вработено лице во администрацијата | 12.000 денари |
| Од постојаната резерва исплатено е 1 решение донесено од страна на Советот на општината | 10.000 ден. |
| Исплатени дневници во земјата за службени патувања на градоначалникот и администрацијата за месеците јуни и јули | 12.680 денари |
| За телефонски услуги, интернет и др.услуги 39.706 ден., за горива и масла 89.017 ден., за поштенски услуги 400 ден.,за водовод и ѓубретарина 17.539 ден., за транспорт на стоки – транспорт од Швајцарија до Македонија на противпожарни скалила-донација и за регистрација на возила 10.049 ден. | 225.970 денари |
| За прехрамбени продукти и пијалоци-кетеринг за вработените во ТППЕ 3 смена за 2 месеци 43.260 ден., за набавка на др.материјали и материјали за улично осветлување 64.237 ден., за прехрамбени продукти и пијалоци 7.113 ден., за средства за хигиена 11.948 ден. и за ситен инвентар платено е 40.498 ден. | 167.056 денари |
| Платени фактури за јавна чистота и зеленило на вкупен износ од 489.340 ден., за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема 19.612 ден.,за услуги за обезбедување на Бизнис инкубаторот платени се 4.720 ден., за поправка и редовни сервиси на возилата на општината и на ТППЕ платени се 51.816 ден., за чистење на градежна депонија платени се 50.000 ден. и за дезинсекција 97.350 ден. | 712.838 денари |
| 9.166 ден. се исплатени кон физичко лице ангажирано за општокорисна работа, за користени услуги од АКН 4.004 ден., редовна годишна интерна проверка на системот за менаџмент со квалитет ISO 9001:2015 платени се 35.400 ден., за редовно испитување на квалитетот на водата за пиење 6.160 ден. и за исплата на членови во комисија за урбанизам 77.777 ден. | 132.507 денари |

| | |
|---|---|
| За репрезентација платено е 11.590 ден., за објава на огласи 21.880 ден. и 711.669 ден. др.оперативни расходи – 17.405 ден. се платени за годишен домен за двете web страни на општината, 2.780 ден. се платени за шпедиторски услуги при транспортот на противпожарните скалила – донацијата и платени се вторите 50%, односно 691.484 ден. кон авторската агенција за настапот на Јелена Розга на Етно Плоштад фестивалот | 745.139 денари |
| Исплатени се средства за плата преку агенција за привремени вработувања на лице вработено во Домот на култура | 20.631 денари |
| Платена камата за ратата на кредитот на општината | 77.800 денари |
| Исплатени се 60.000 ден. кон ЗВИС, 30.000 ден. кон здружението Ратевски денови и 30.000 ден. кон спортското здружение Оф Роуд Малеш ,согласно склучени договори и согласно програмите за локален економски развој и култура | 120.000 денари |
| Исплатени се 67 решенија по 5.000 ден. за ученици запишани во прво одделение во двете основни училишта, 2 решенија по 15.000 ден. за првенци на генерацијата во основното и средното образование, 12 решенија за за одржан ликовен и литературен конкурс за освоени прво место 5.000 ден., второ 3.000 ден. и трето место 2.000 ден. на ученици и од основното и од средното образование, по 5.000 ден. се исплатени кон ЗВИС и здружението Малешевски планини и едно решение е исплатено за болничко лекување | 471.141 денари |
| Платено е за подготвување на проекти и за надзор над градбите | 43.167 денари |
| Исплатен надомест за одземен имот | 134.630 денари |
| Платена рата за кредит | 1.168.707 ден. |

Бр.08-247/9
03.09.2024 год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски